# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ ДОЦЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНА УМЕТНИЧКА ОБЛАСТ КИНЕТОГРАФИЈА И ТРАДИЦИОНАЛНИ ИГРИ НА БАЛКАНОТ НА МУЗИЧКА АКАДЕМИЈА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр. 1402-127/11 од 16.12.2015 година донесена на 13. седница на Наставно-научниот уметнички совет на Музичка академија, одржана на 16.12.2015 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во насловно звање доцент за наставно-научната и уметничка област *кинетографија* и *традиционални игри на Балканот* на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, во состав:

- м-р Владимир Јаневски, вонреден професор на Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, наставно-научна и уметничка област *методика на народни ора*, претседател;
- д-р Родна Величковска, редовен професор, Институт за фолклор „Марко Цепенков“, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Скопје, наставно-научна и уметничка област *етномузикологија*, член;
- д-р Стефанија Лешкова-Зеленковска, вонреден професор на Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, наставно-научна област *музикологија*, член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија” и „Коха“ на 4.12.2015 година и во предвидениот рок се пријави само кандидатката м-р Благица Илиќ.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот уметнички совет на Музичката академија да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Кандидатката **м-р Благица Илиќ** е родена 12 мај 1978 год. во Велес, Р.Македонија. Во 2002 година се запишува на Факултетот за етнологија и антропологија на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, каде што дипломира во јуни 2007 година под менторство на професор д-р Мирјана Мирчевска. Како дипломска тема кандидатката ја обработува „*Етнолошки и етнокореолошки карактеристики на русалиите во Македонија*“ и се стекнува со степен дипломиран етнолог. Студиите ги завршува со просечна оценка 9,13.

Во учебната 2010/2011 г. се запишува на втор циклус студии на Одделот по етнокореологија на Факултет за музичка уметност, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип. Магистрира во јули 2014 год. со трудот „Градските игри во Велес од крајот на 19 и почетокот на 20 век“. Во прилог на магистерскиот труд покрај теориски изработениот елаборат за сценска адаптација, реализира и сценско-уметничка презентација на градски игри од Велес со наслов на сценската адаптација „Од Којник до Прцорек“. Магистрира со просечна оценка 9,33.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатката за избор во звање насловен доцент од областа на музичката уметност за стручно-уметничките предмети***

- Диплома за завршено соодветно високо образование од втор степен музички науки (*магистер по етнокореологија*).
- Успех од просечна вредност на студиите на прв и втор циклус студии (9.23).
- Изведба на пет целовечерни концерти (во земјава или во странство).
- Покажува способност за изведување на разни видови на високообразовна дејност.

**Концертна актива**

| **Бр.** | **Вид на концерт** | **Место на изведба на концертот** | **Датум на изведба на концертот** |
|---|---|---|---|
| **1** | Целовечерен концерт | *Македонски фолклорни вредности*, Кале, Скопје | јуни 2004 |
| **2** | Целовечерен концерт | *Годишен концерт на насоката за традиционална музика и игра*, Драмски театар, Скопје | јуни 2004 |
| **3** | Целовечерен концерт | *Ревијален приказ на носии, песни и ора од Македонија*, Музеј на Град Скопје | мај 2007 |
| **4** | Целовечерен концерт | *Македонски музички дијалекти*, Даут Пашин амам, Скопје | јули 2008 |
| **5** | Целовечерен концерт | *Обредни игри и песни*, Македонска Опера и балет | април 2008 |
| **6** | Целовечерен концерт | *На гости кај..*, Македонска опера и балет | јуни 2009 |
| **7** | Целовечерен концерт | *10 години едукативна, концертна и истражувачка дејност*, Македонска опера и балет | јули 2011 |
| **8** | Целовечерен концерт | *Нашата методика*, Македонска опера и балет | јули 2012 |
| **9** | Целовечерен концерт | *И ние сме деца...*, Македонска опера и балет | јули 2013 |
| **10** | Целовечерен концерт | *КОДЕ СЕ МИЈАЦИТЕ*, Македонска опера и балет | ноември 2013 |
| **11** | Целовечерен концерт | *Традиционалната игра на Балканот*, Македонска опера и балет | јули 2014 |
| **12** | Целовечерен концерт | *Слики од Македонија*, Македонска опера и балет | јули 2015 |

**Автор на сценски адаптации**

| Бр. | Позиција | Наслов на сценска адаптација | Место на одржување | Датум на одржување |
|---|---|---|---|---|
| 13 | Автор | „**Штипски крстач**“ **-**сценска адаптација на соборски игри од Овче Поле Годишен концерт на Насоката за традиционална музика и игра | Македонска опера и балет - Скопје | 2010 год. |
| 14 | Автор | **„Шумадија“** - сценска адаптација на ора и песни од Шумадија-Србија, Годишен концерт на насоката за традиционална музика и игра | Македонска опера и балет, Скопје | 2014 год. |
| 15 | Автор | „**Велигденски игри од Порече**“ – сценска адаптација на обредни игри од Порече, целовечерен концерт на Ансамбл „Македонија“ | Дом за култура „Андон Чајупи“ Корча, Албанија, Прв фолклорен фестивал „СОНЦЕ 2015“ | 2015 год. |
| 16 | Автор | **„Од Којник до Прцорек“** – Сценска адаптација на градски игри од Велес, Годишен концерт на Насоката за традици- онална музика и игра | - Македонска опера и балет, Скопје; -„Академија 28“, Белград; -Дом омладине „Аполо“, Панчево; -Културен центар Лесковац; - Дом за култура „Андон Чајупи“ Корча, Албанија, | 2015 год. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 17 | Автор | **„Русалии“** – сценска адаптација на обредни игри од Бојмија,<br><br>Годишен концерт на насоката за традиционална музика и игра | Македонска опера и балет, Скопје<br>Драмски театар, Скопје | 2015 год.<br><br>2006 год. |

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Од 2015 година кандидатката м-р Благица Илиќ е хонорарно ангажирана како стручњак од практиката на Музичката академија при УГД - Штип, на Катедрата за етнокореологија по предметите: Етнокореологија со народни ора 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7 и 8.

Од 2003 година работи како хонорарен соработник наставник по предметот Народни ора, во Државниот музичко-балетски училиштен центар „Илија Николовски Луј“ на насоката за традиционална музика и игра во Скопје, каде што во 2007 година се вработува на работното место професор по народни ора. Сѐ до денес континуирано ја реализира педагошката дејност по предметите: Народни ора, Етнологија, Обредни игри и Методика на народни ора. Во текот на нејзината дванаесетгодишна педагошко-едукативна активност учествува во реализација на повеќе целовечерни концерти на сцените во Македонската опера и балет во Скопје, Драмски театар во Скопје, Даут пашин амам во Скопје, како и на сцените на некои балкански соседни земји.

Од 2004 до 2015 г. Благица Илиќ во соработка со колегите и учениците од насоката за традиционална музика и игра во ДМБУЦ „Илија Н.Луј“ - Скопје реализира повеќе од 100 концерти и настапи во повеќе градови на Македонија и соседните балкански држави. Ќе ги истакнеме концертите и настапите на Интернационалниот фолклорен фестивал „Илинденски денови“ - Битола каде што во 2007 год. освојуваат гран-при за сценска изведба на автентични традиционални ора и песни. Во 2006 година со учениците ја освојуваат првата награда на Фестивалот за изворна песна „Долнени“, Прилепско Поле, а во 2007 година прво место на Фестивалот за народни игри и песни „Гајда“ во с. Ињево, Радовишко Поле.

Кандидатката Илиќ со студентите од Музичката академија, заедно со учениците од Насоката за традиционална музика и игра има реализирано неколку сценско-уметнички активности во следните балетски претстави:

18. „Охридската робинка Ташула“ на композиторот Стојан Стојков во Македонска опера и балет во 2005 година. (Народно позориште во Белград, Србија и во Хрватско народно казалиште „Ватрослав Лисински“ во Загреб, Хрватска).
19. „ЕДЕК-МОСТОВИ“ во режија на Снежана Коневска Руси (МНТ - Скопје).
20. „Свирачот на покрив“ балетска претстава, во режија Цветан Стојановски, кореографија Олга Панго, диригент Саша Ѓумар, МОБ - Скопје.

***Научноистражувачка дејност***

Како постипломец на Катедрата за етнокореологија при Музичката академија - Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип учествува во неколку научно-теренски истражувања на етнокореолошки и етнолошки теми со транскрибиран емпириски материјал приложен во Архивот на Катедрата за етнокореологија. Теренските истражувања ги реализира во етничкиот предел Струмичко Поле (с. Сеќирник и с.Иловица), во април 2012 година и етничкиот предел Пијанец (с. Стамер и с. Чифлик), март 2011 година; Охридско-струшко Поле (с. Волино, с.Климештани и с. Мешеишта), март 2015 година.

Од 2003 година до денес како професор во Средното музичко училиште со колегите и учениците од образовниот профил: традициски играч/пејач реализира неколку теренски истражувања во повеќе етнички предели на Македонија: градот Кратово, мај 2015 година; Порече (с. Самоков, с. Манастирец), април 2014 година; Азот (с. Нежилово, с. Ореше), април 2013 година; Кочанско Поле (с. Блатец), април 2010 год.; Скопска Црна Гора (с. Љубанци, с. Бањани), април 2008 год.; Бојмија (с. Миравци, с. Петрово), април 2007 год.; Битолско Поле (с. Смилево), април 2005 год.; Пијанец (с. Драмче), април 2003 год.

Кандидатката Благица Илиќ има објавено стручно-уметнички трудови од областа на етнокореологогијата. Во прилог се следниве:

21. Б.Илиќ (2015). „Играта Мавиле - идентификациски симбол на велешките свадби", Прилози од Меѓународниот симозиум, Институт за фолклор „Марко Цепенков" - Скопје, ISBN 978-9989-642-84-5.

Темата на овој труд е специфиноста на свадбената игра Мавиле која како музички симбол во велешката градска културна средина, посебно место стекнува од крајот на XIX и текот на XX век. За разлика од повеќето традиционални ора во градскиот центар Велес како *Рамно велешко, Адана и Ибраим оџа*, играта *Мавили* битно се разликува. Според формата и обликот не припаѓа на категоријата традиционални ора, а според карактерот и функцијата се јавува како посебна синкретична уметничка творба, изградена од турско-ориентална песна и мелодија која со текот на времето е надополнета од повеќе културни влијанија, драмски играорни елементи и реквизити.

22. Б.Илиќ (2015). „Етнолошки и етнокореолошки карактеристики на орото Адана", Македонски фолклор, Институт за фолклор „Марко Цепенков" XXXVII, бр.70, Скопје, ISSN 0542-2108

Кандидатката хронолошки ги прикажува записите и истражувачите на традиционалното оро Адана од градот Велес и етничкиот предел Азот. Во трудот се претставени етнолошките и етнокореолошките карактеристики на орото Адана, следени од релевантните истражувања на авторите Жифко Фирфов и Ганчо Пајтонџиев во средината на XX век, потоа сознанијата од Михајло Димовски во 70-тите години на XX век, Бориވоје Џимревски во втората половина на XX век како и сознанијата од теренските истражувања на кандидатката Илиќ во периодот од 2013 до 2015 година.

23. Б.Илиќ.(2015). „Развој на образовниот профил: Традициски играч-пејач", Зборник на трудови VI,Семинар за традиционална музика и игра, Илинденски денови, НУ Центар за култура, Битола

Во горенаведениот труд е прикажан историскиот развој и функцијата на образовниот профил: традициски играч-пејач во рамки на образовниот систем на Средното музичко училиште „Илија Николовски-Луј" од Скопје. Податоците се добиени со следење на неколку аспекти како; наставниот план и програм; структурираноста на образовниот профил; активностите и оправданоста на истиот и проодноста кон високообразовни и културно-уметнички институции;

24. Б.Илиќ. (2014). „Подготовка на сценска адаптација", Зборник на трудови VI Семинар за традиционална музика и игра, Илинденски денови, НУ Центар за култура, Битола

Во овој труд се разработени фазите и елементите за подготовка и имплементација на сценска адаптација, компаративно прикажувајќи ги и релевантните модели за создавање на истата од авторот Јаневски и хрватскиот етнокореолог Иваначан. Во корист на трудот е нагласена неопходноста од соодветно теренско истражување и следните фази за имплементација на сценската адаптација во фолклорен ансамбл: Теоретска тематска разработка; Методска анализа на сценски решенија; Задачи за поставување на орските содржини; Задачи за поставување на вокалните содржини; Задачи за поставување на музичките инструментални содржини; Вклопување и повторување; Улога на авторот или пренесувачот на сценската адаптација како и приказ на легенда на симболи за учесници и движења по сценските координатни позиции;

25. Б.Илиќ.(2013).„Орскиот репертоар во градот Велес и околината со посебен осврт на свадбената игра Мавили",Зборник на трудови V,Семинар за традиционална музика и игра, Илинденски денови, НУ Центар за култура, Битола

Во овој труд е разработена состојбата за орската традиција во градот Велес од текот на XX век па се до денешната, современа практика.Во трудот се наведува дека орската традиција во градскиот центар Велес, претставува синкретична форма од влијанието на источно-ориенталната култура во периодот на османлиското владеење, западноевропската во првите децении на дваесетиот век и руралната духовна култура од мигрираното население на непоседната велешката област.

Голем дел на ората од постарата селска традиција на велешката област се наведува дека се забележливи во поновата градска традиција, инфилтрирани од доселеното селско население во почетокот на XX век.

26. Б.Илиќ (2012). „Дефинирање на некои етнкореолошки поими“, Зборник на трудови IV Семинар за традиционална музика и игра, Илинденски денови, НУ Центар за култура, Битола.
27. Б.Илиќ (2011). „Класификациски систем на традиционалните игри во делото на Љубица и Даница Јанковиќ“, Годишен зборник 2011 г. на Факултет за музичка уметност, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, 2/2;ISSN1857-7296 електронска верзија (
28. Б.Илиќ (2011). „Карактеристиките на традиционалните игри во градските средини Скопје и Тетово од XIX и почеток на XX век“, Зборник на трудови III, Семинар за традиционална музика и игра, Илинденски денови, НУ Центар за култура, Битола.
29. Б.Илиќ (2010). „Обредните поворки во традицијата на Македонците, нивното изворно значење и функција во современата средина“, Зборник на трудови II Семинар за традиционална музика и игра, Илинденски денови, НУ Центар за култура, Битола.
30. В.Јаневски, А.Витанова, Б.Илиќ (2008). „Танци и народни ора“, Прирачник за настава по изборниот предмет Танци и народни ора, Биро за развој на образованието, Скопје; ISBN 978-608-206-006-4 (скрипта)

Кандидатката Б.Илиќ во период од 2006 година до денес ја надградува својата научно-стручна актива и континуирано учествува на неколку семинари за традиционална музика и игра во земјава и во странство, како и на меѓународен симпозиум од областа на етнокореологијата, етнологијата и фолклористиката. Во прилог следат:

31. Ноември 2014 година, Меѓународен симпозиум - хотел Континентал, Институт за фолклор „Марко Цепенков“, Скопје на тема: *Балканската култура низ призмата на фолклористичко-етнолошките истражувања;*
32. Јули 2015, 2014, 2013, 2012, 2011, 2010 година, *Семинар за традиционална музика и игра*, Интернационален фолклорен фестивал, „Илинденски денови“, Битола;
33. Мај 2012 и 2009 година, *Macedonische danscursus*, *Семинар за традиционална музика и игра,* Холандија.

***Стручно уметнички активности и настапи на музички концерти, фестивали, манифестации***

Од 1996 до 2001 година работи како традициски играч/пејач и своето професионално сценско-уметничко искуство го реализира во Државниот ансамбл за народни игри и песни „Танец“ од Скопје, каде што остварува богата сценско-уметничка активност со реализирани повеќе целовечерни концерти, јавни настапи во земјава и повеќе турнеи во странство: Хрватска (2001); Словенија (2001); Бугарија (2001); Велика Британија (2000); Грција (2000); Португалија (1999); Бугарија (1999); Грција (1997); Јапонија (1997); Босна и Херцеговина (1997); Словенија (1996).

Од 2012 година до денес учествува во оформувањето и развојот на Ансамбл „Македонија“ од Скопје, како координатор за игра. Во соработка со стручниот тим на Ансамблот „Македонија“ има реализирано низа активности од кои ги издвојуваме следниве:

34. Концертна турнеја низ Македонија, три целовечерни концерти во Центар за култура „Бели мугри“, Велес, 22 октомври 2015 година; Дом за култура „Мирка Гинова“ во Демир Капија, 18 октомври 2015 година и Дом за култура „Иван Мазов – Климе“ во Кавадарци, 16 октомври 2015 година.
35. „Чувари на традицијата“, целовечерен концерт во рамки на Скопско лето, јуни 2015 година, Сули Ан, Скопје.
36. „Слики од Македонија“, шест едукативни концерт за ученици од основни училишта во Скопје и Македонија, МНТ- нов објект, Скопје, април и мај 2015 година.

37. „Коде се Мијаците“, целовечерен концерт, МОБ, 22 ноември 2014 година.
38. Концертна турнеја низ Македонија, три целовечерни концерти во Центар за култура, Битола, октомври 2014 година; Дом за култура „Антон Панов“ - Струмица, октомври 2014 година и Дом за култура „Трајко Прокопиев“, Куманово, октомври 2014 година.

**Концертна активност со Ансамблот „Македонија“ во странство**

39. Учество на Меѓународен фестивал „Golden karagoz“, Бурса, Турција, јули 2015 год. (три концертни активности).
40. Учество на Internacional folk festival Ahisar, Manisa, Izmir – Турција, јуни 2015 г. (три концертни активности).
41. Учество на Меѓународен фолклорен фестивал „Македонско сонце“, Корча, Албанија, октомври 2015 година.
42. Учество на концертна турнеја во Србија (Лесковац, Качарево, Белград и Панчево), октомври 2015 година (четири концертни активности).

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Кандидатката м-р Благица Илиќ во својата педагошка и сценско-уметничка дејност со насоката за традиционална музика и игра и Ансамбл „Македонија“ во Скопје од 2012 година до денес се стекнува со неколку награди, благодарници и сертификати. Во прилог ќе бидат прикажани следниве:

– Благодарница за концертна соработка со Општина Демир Капија, 2014 г. (Ансамбл „Македонија“);
– Признание за учество и валоризација на традиционалната орска и музичка култура на интернационалниот фестивал „Рацинови денови“ – Велес, 2013 година (Ансамбл „Македонија“);
– Меморијална златна медалја од Европската федерација на карневалски градови FECC – Струмица 2014 година (Ансамбл „Македонија“);
– Сертификат за едукатор на Семинарот за традиционална музика и игра, 29 јули до 1 август, 2015 година, НУ „Центар за култура“, Битола;
– Сертификат за член на жири-комисија на XI Меѓународен фолклорен фестивал „Велигденски средби“, ФА „Китка“, с. Ораовица, Радовиш, 2015 година.

Врз основа на наведените активности се изведува заклучок дека м-р Благица Илиќ користејќи го искуство од стручно-уметничките активности успешно ја развива и надградува и својата научноистражувачка дејност. Напоредо константно ја збогатува уметничката кариера. Работејќи со разновидни ансамблови состави, таа е соочена со потреба да реоркестрира и изведува сценски адаптации од областа на традиционалната музика и игра.

М-р Благица Илиќ во изминатиов период беше еден од активните учесници на концертите активности на Катедрата по етнокореологија во организација на Музичката академија при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, каде што се појавува во улога на автор на сценски адаптации и координатор за имплементација на традиционалните игри.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од севкупната наведена наставно-образовна, научноистражувачка и стручно-уметничка дејност, како и стручно-апликативна и организациско-развојна дејност на кандидатката, констатираме дека м-р Благица Илиќ ги исполнува сите предвидени услови за избор во звање насловен доцент за наставното-научната и уметничка област *кинетографија* и *традиционални игри на Балканот* наведени во член 127 од Законот за високото образование и Правилникот за единствените критериуми за постапка за избор во наставни, наставно-научни и уметнички и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип. Врз основа на наведеното, м-р Благица Илиќ ги задоволува критериумите поставени во Конкурсот. Кандидатката, преку остварените досегашни активности, покажа способности за развивање на наставно- образовната дејност, за научноистражувачката дејност преку објавени трудови и рецензии на концерти и за стручно-уметнички активности преку активно концертирање. Особена чест ни е како Рецензентска комисија да му предложиме на Наставно-научниот и уметнички совет да го усвои нашиот предлог и кандидатката м-р Благица Илиќ да се избере во насловно звање доцент за наставно-научната и уметничка област *кинетографија* и *традиционални игри на Балканот* на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**М-р Владимир Јаневски, вонреден професор, с.р.**
**Д-р Родна Величковска, редовен професор, с.р.**
**Д-р Стефанија Лешкова-Зеленковска, вонреден професор, с.р.**

**ТАБЕЛА**

**НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ**

| **Р.бр.** | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **Број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| | | | | | | |
| **6** | Пленарно предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт, учество на ликовна изложба | 12 (1,2,3, 4,5,6,7 ,8, 9,10,11,12) | 3 | 11 (39,40, 41,42) | 6 | 102 |
| **7** | Секциско предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт | 3 (18,19, 20) | 2 | 2 (18) | 4 | 14 |
| **8** | Одржано предавање по покана од научна институција, музички настап на официјален концерт (работилницата) | 6 (32) | 2 | 2 (33) | 4 | 20 |
| **11** | Одбранет магистерски труд | 1 | 4 | | | 4 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **140** |
| | | | | | | |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **5** | Труд во стручно списание | 2 (21,22) | 2 | | | **4** |
| **6** | Труд објавен во зборник од трудови од стручен собир | 7 (23,24, 25,26,27, 28,29) | 2 | | | **14** |
| **8** | Учество на стручен собир со реферат (усно) | 1 (31) | 0,5 | | | **0,5** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **18,5** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **158,5** |